# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 5 | Четврток, 27 април 2006 год. |
|---|---|

**С о д р ж и н а**

**Комисијата за статут и прописи при Советот на општина Струмица:** **стр.**

**60.**
**Статут на општина Струмица (пречистен текст)** **97**

---

Врз основа на член 149 од Деловникот на Советот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 2/06) Комисијата за статут и прописи на седницата одржана на 25.04.2006 година го утврди пречистениот текст на Статутот на општина Струмица.

Пречистениот текст на Статутот на општина Струмица ги опфаќа Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03) и Статутот за изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 2/06) во кои е означено времето на нивното влегување во сила.

## СТАТУТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА (Пречистен текст)

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Општина Струмица (во понатамошниот текст општината) е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество во одлучувањето.

Член 2

Граѓаните на Република Македонија кои имаат постојано место на живеење на подрачјето на општината, се жители на Општина Струмица.

Подрачјето на општината е утврдено со Закон и го сочинуваат катастарските општини на населените места: Градот Струмица и населените места: Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиле, Добрејци, Дорломбос, Злешево, Костурино, Куклиш, Мемешли, Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево, Свидовица, Три Води и Чепели.

Член 3

Општината е правно лице.

Член 4

Седиштето на Општината е во Струмица ул. "Сандо Масев" број 1

Член 5

Општината има право на сопственост.

Член 6

Општината има грб кој ја претставува општината, и е во форма на штит на кој на горната страна со кирилско писмо е напишано името на градот. Штитот е поделен на четири полиња во кои има

симболи и тоа: во левиот горен агол е насликан златен крст од манастирот “Св. Леонтие” во село Водоча од XI век, во десниот горен агол има сонце, во левиот долен агол е ридот над Струмица со Царевите кули и три ѕвезди на небото и во десниот долен агол е карневалска маска.

На грбот се среќаваат две бои: златна и кобалт-сина.

Член 7

Општината има знаме.

Знамето на општината е во бела боја, од надворешната страна опшиено со златна боја, а од внатрешната со кобалт сина. Во центарот на горната половина на знамето стои грбот на општината.

Знамето има вертикална поставеност.

Член 8

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 (три) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чии рабови е испишано “Република Македонија-Општина Струмица”.

Печатот што го употребува градоначалникот, во вториот ред има натпис “Градоначалник”.

Печатот што го употребува Советот, во вториот ред има натпис “Совет на општина Струмица”.

Член 9

Празник на општината е Единаесетти септември, Денот на ослободувањето на Струмица.

Член 10

Општината востановува општински признанија и награди.

Член 11

Општината може, со одлука донесена од страна на Советот на општината, да се здружува во здруженија во согласност со закон.

Член 12

Општината може да соработува со општините од Републиката, со единици на локална самоуправа од други земји, како и со меѓународни организации на локални заедници, како и членува во меѓународни организации на локалните власти.

Општината, заради остварување на заеднички интереси и вршење на значајни работи од нивна надлежност, може со други општини од Републиката да здружува средства и да формира заеднички јавни служби, во согласност со закон.

## II. НАДЛЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 13

Општината самостојно, во рамките на законот и овој Статут ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локалната самоуправа, или друг закон како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Член 14

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1.Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобренија за уредување на објекти од локално значење утврдено со Закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;

2.Заштита на животната средина и природата, во смисла на преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;

3.Локален економски развој, во смисла на планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојот и структурни приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и на претприемаштвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4.Комунални дејности, во смисла на снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одводнување и пречистување на отпадни води, одведување на третман на атмосферски води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање и постапување со кумунален цврст и технолошки отпад, уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, одржување на гробовите, гробиштата и давање погребални услуги, изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици и други инфрстуктурни објекти, регулирање на режимот на сообраќајот, изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација, изградба и одржување на јавен простор за паркирање, отстранување на непрописно паркирани возила, отстранување на хаварисани возила од јавните површини, изградба и одржување на пазари, чистење на оџаците, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизирани делови, определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти;

5.Култура, во смисла на институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештвото;

6.Спорт и рекреација, во смисла на развој на масовен спорт и рекреативни активности, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, како и поддршка на спортски сојузи;

7.Социјална заштита и заштита на деца, во смисла на финансирње, инвестиции, одржување и сопственост на детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа со воспитно-социјални проблеми, со посебни потреби, од еднородителски семејства, како и деца од улица, лица изложени на социјален ризик, засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на деца од предучилишна возраст;

8.Образование, во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

9.Здравствена заштита, во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор на животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби и други области определени со закон;

10.Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогодни и други несреќи и од последици предизвикани од нив;

11.Противпожарна заштита вршена од територијалната противпожарна единица;

12.Надзор над вршењето на работи од надлежност на општината;

13.Други работи определени со закон.

Член 15

Работите од член 14 од овој Статут, се уредуваат со прописи на Советот на општината, во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон.

Работите од член 14 на овој Статут, кои задолжително ќе ги извршува општината ќе бидат определени со посебните закони и национални програми.

Член 16

Работите кои не се исклучени од надлежност на општината или не се во надлежност на органите на државната власт се определуваат со одлука на Советот на општината.

Со одлуката од став 1 на овој член се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### 1. Совет на општината

Член 17

Советот на општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на општината го сочинуваат 23 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

Член 18

Советот на општината избира претседател од редот на членовите на Советот, со мандат од 4 (четири) години.

Претседателот на Советот ги свикува и раководи со седниците на Советот на општината, се грижи за организацијата и работата на Советот и ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува на Градоначалникот заради објавување.

Член 19

Членовите на Советот даваат и потпишуваат свечана изјава која гласи:

“Јас, (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законите, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија.

Член 20

Советот на општината ги врши следните работи:

1.Донесува Статут на општината;

2.Донесува Деловник на Советот;

3.Донесува Програма за работа;

4.Донесува Буџет на општината и Годишна сметка на општината;

5.Ја уредува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;

6.Донесува Генерален урбанистички план;

7.Донесува детален урбанистички план и урбанистичка документација на населено место во општината;

8.Донесува Програма за уредување на градежно земјиште;

9.Донесува Програма за одржување на сообраќајната сигнализација;

10.Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќај;

11.Донесува прописи од областа на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на деца, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со национална програма;

12.Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;

13.Донесува Програма за јавно осветлување;

14.Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи;

15.Донесува Програма за одржување на јавна чистота;

16.Донесува Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;

17.Донесува Програма за одржување на гробиштата;

18.Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизирани подрачја;

19.Донесува Одлука за јавна чистота;

20.Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај;

21.Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта;

22.Донесува Одлука за начинот на користење и одржување на гробиштата;

23.Го уредува начинот на чистењето на оџаците;

24.Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење;

25.Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;

26.Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, на предлог на Градоначалникот;

27.Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа;

28.Именува членови во управните и надзорните одбори на јавните служби, кои ги основа;

29.Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала;

30.Одлучува за давање дозволи за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;

31.Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала;

32.Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;

33.Води грижа за законско и правилно користење на добрата во општа употреба;

34.Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината, во согласност со закон;

35.Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со закон;

36.Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до Министерството за внатрешни работи и Народниот правобранител;

37.Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;

38.Избира и разрешува претседател на Советот;

39.Формира постојани и повремени комисии;

40.Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата на општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на општината;

41.Востановува општински признанија и награди;

42.Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на општината;

43.Врши други избори и именувања од своја надлежност;

44.Донесува други одлуки за работите од своја надлежност;

45.Врши и други работи.

Член 21

Советот на општината може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Советот на општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот

Статутот, Буџетот, завршната сметка на Буџетот, Деловникот, програмите, плановите, одлуките и другите прописи се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

Гласањето на седниците на Советот е јавно или тајно во согласност со Деловнкот за работа на Советот на општината.

Член 22

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности (пожар, поплави, земјотреси и сл.) и при посета на делегација од друга земја кога истата сака да се обрати на членовите на Советот.

Член 23

Вонредната седница ја свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива, на предлог на најмалку 1/3 од членовите или на предлог на Градоначалникот.

Поканата за седницата со предложениот дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Советот неможе да го менува дневниот ред за вонредната седница.

Пред отпочнување со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на седницата без материјална расправа.

Член 24

За претресување на прашања од своја надлежност Советот од својот состав формира постојани и повремени комисии.

Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 25

Постојани комисии на Советот се:

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за Статут и прописи;
- Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата;
- Комисија за култура , образование и спорт;
- Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата;
- Комисија за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за полова рамноправност;
- Верификациона комисија.

Комисиите се составени од 5 члена на Советот, освен Верификационата комисија која е составена од 3 члена.

Член 26

Комисиите на Советот на општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;
- даваат мислења и предлози до Советот;
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областа за кои се формирани.

Член 27

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно имунитетните прашања.

Разгледува и подготвува предлози за избор и именување и разрешување од надлежност на Советот на општината.

Определува плати, надоместоци и други примања на избрани и именувани лица.

Дава предлог за висината на надоместокот на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на општината, како и на трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на општината.

Претседателот и членовите на Комисијата ги избира Советот на општината на својата прва седница.

Член 28

Комисијата за статут и прописи го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за изменување на Статутот и ја следи неговата примена и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер.

Го утврдува предлогот на Деловникот на Советот.

Подготвува предлог мислења по предлог законите кои се однесуваат на општината.

Разгледува и други прописи од надлежност на Советот на општината.

Член 29

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на општината, Буџетот и годишната сметка, како и прашањата од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој.

Член 30

Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата ги разгледува прашањата од урбанистичкото планирање, прашањата од работата на јавните служби, прашањата од комуналното уредување на градот и населените места и прашањата од заштита на животната средина и природата.

Член 31

Комисијата за култура, образование и спорт ги разгледува прашањата што се однесуваат на културата, образованието и спортот.

Член 32

Комисијата за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата ги разгледува прашањата што се однесуваат на здравствената заштита, социјалната заштита и заштитата на децата.

Член 33

Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот и противпожарната заштита.

Член 34

Комисијата за општествени дејности ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваат на обележување на празници и манифестации, доделување награди и признанија, прашања од функционирањето на месната самоуправа, прашања на уредување и одржување на спомениците и спомен обележјата, прашања на односите на општината со верските заедници, меѓуопштинска соработка и други прашања од надлежност на општината.

Член 35

Комисијата за полова рамноправност ќе врши промовирање и штитење на еднаквоста меѓу половите во уживањето на човековите права во сите општествени нивоа во процесот на нормирање и институционализирање на општествените процеси и односи

Член 36

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на општината на предлог на Комисијата за манданти прашања, избори и именувања.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на работните тела.

Политичките партии кои партиципираат во Советот на општината ќе бидат пропорционално застапени во вкупниот број на членови на сите комисии.

Член 37

Начинот на работа на комисиите поблиску се уредува со Деловникот на Советот на општината.

## 2. Градоначалник на општината

Член 38

Градоначалникот ја претставува и застапува општината.

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од 4 (четири) години.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

Член 39

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

- иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот на општината;
- ја контролира законитоста на прописите на Советот на општината;
- ги објавува прописите на Советот на општината во службеното гласило на општината;
- го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот на општината;
- го обезбедува извршувањето на работите кои му се делегирани од органот на државната управа;
- го предлага годишниот Буџет и годишната сметка на Буџетот на општината;
- го извршува Буџетот на општината;
- решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
- избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;
- редовно го известува Советот на општината за извршувањето на своите надлежности во согласност со Статутот;

- раководи со општинската администрација;

- донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;

- одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;

- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и со овој Статут;

- врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

Член 40

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот на општината.

Градоначалникот е должен да присуствува на седниците на Советот на општината кога е предлагач на прописи од надлежност на Советот на општината или да обезбеди присуство на овластен претставник.

Член 41

Градоначалникот е должен да поднесе извештај за извршување на одлуките доставени од страна на Советот на општината на секои 3 (три) месеци во текот на годината.

За извршување на своите надлежности Градоначалникот го информира Советот на општината по потреба, а најмалку 2 (два) пати во годината.

Член 42

Градоначалникот управува со сопственоста на општината како добар домаќин.

Во управувањето со сопственоста на општината градоначалникот е должен да презема мерки и да го обезбедува користењето на сопственоста во согласност со закон.

Член 43

За време на спреченост или отсуство до шест месеци Градоначалникот го заменува член на Советот на општината, кој го назначува Градоначалникот.

Во рок од 30 (триесет) дена од денот на преземањето на функцијата Градоначалникот е должен со решение да го определи членот на Советот кој би го заменувал.

Решението од став 2 на овој член се објавува во “Сл.гласник на општината”.

За денот на настапувањето на спреченоста или отсуството Градоначалникот го информира претседателот на Советот на општината.

На членот на Советот на општината му мирува функцијата член на Советот за време кога го заменува Градоначалникот.

**3. Совет за заштита на потрошувачите**

Член 44

Советот на општината за разгледување на прашања и утврдување предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него,може да формира Совет за заштита на потрошувачите.

Член 45

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 9 (девет) члена, од кои 3 (три) члена се избираат од редот на правните лица и 6 (шест) од редот на физички лица, како корисници на услугите што ги даваат јавните служби.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Советот од своите редови избира претседател.

Мандатот на членовите трае 4 (четири) години со можност повторно да бидат избрани.

Член 46

Советот за заштита на потрошувачите ја следи состојбата на квалитетот на услугите што ги даваат јавните служби, дава мислење и предлози за подобрување на квалитетот на услугите; организира јавни трибини; соработува со јавните служби и општинската администрација.

**4. Партиципативно тело од областа на урбанизмот**

Член 47

Во општината се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот (совет, одбор) заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за општината.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 7 членови.

Член 48

Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Членовите на Партиципативното тело од областа на урбанизмот се избираат:

- од редот на членовите на Советот, 2 члена;
- од редот на облиците на месна самоуправа, 1 член;
- од редот на здруженијата на граѓани, 1 член;
- од редот на здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот, 2 члена; и
- од општинската администрација, 1 член.

Член 49

Партиципативното тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Партиципативното тело со јавно гласање.

Член 50

Партиципативното тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на телото.

Партиципативното тело може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови и одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови на телото.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот на општината и претседателот на Советот, без право на одлучување.

## IV. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### а) Прописи на Советот

Член 51

Во вршење на работите од својата надлежност Советот на општината донесува прописи и тоа: Статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Советот на општината донесува и Деловник на Советот на општината, решенија, заклучоци и други акти и дава мислење и утврдува насоки.

Член 52

Статутот е основен акт на општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината и други прашања од значење за општината.

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт-Статут и Предлог-Статут.

Статутот на општината го донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

Член 53

Со Деловникот на Советот на општината се уредува начинот на работа на Советот на општината и неговите комисии, постапките за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на општината.

Член 54

Со одлука на Советот на општината се уредуваат работите од локално значење од надлежност на општинта.

Со одлука на Советот на општината, се основа општинска администрација и се уредува начинот на нејзиното работење и се основаат јавни служби.

Член 55

Советот на општината донесува заклучоци кога разгледува поодделни извештаи, информации и анализи.

Советот на општината дава мислење и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува Советот на општината.

Член 56

Постапката за донесување на општи акти се уредува со Деловникот на Советот на општината.

### б) Акти на градоначалникот

Член 57

Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесува поединечни акти.

Градоначалникот на општината донесува решенија.

### в) Објавување на прописите

Член 58

Градоначалникот ги објавува прописите на Советот на општината во “Сл.гласник на општина Струмица”

Член 59

Градоначалникот е должен во рок од 7 дена од денот на доставувањето на прописот на Советот на општината со решение да го запре неговото објавување доколку смета дека не е во согласност со Уставот и законите.

Примерок од образложеното решение за необјавување се доставува до претседателот на Советот на општината.

Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението да го разгледа и да одлучи по него.

Ако Советот на општината го потврди прописот или не расправа во рокот од став 3 од овој член, градоначалникот е должен во рок од 7 дена од денот на потврдувањето да го објави прописот и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставност и законитост на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

За иницијативата Градоначалникот е должен да го информира Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Член 60

Прописите и другите акти се објавуваат во “Сл.гласник на општината”

Прописите влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Советот на општината со денот на објавувањето.

Член 61

Градоначалникот на општината е должен во рок од 7 дена од денот на донесување на актите да ги објави во “Сл.гласник на општината”.

Член 62

За објавените акти се води посебна збирка.

Збирката може да ја користат граѓаните и истата ќе биде во секое време на увид.

## V. ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТИНАТА

**а) Граѓанска иницијатива**

Член 63

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одреден акт или да реши одредени прашања од своја надлежност.

Советот е должен во рок од 90 (девеесет) дена да расправа по иницијативата на граѓаните доколку истата е подржана во најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определено прашање.

Поддршката од став 2 на овој член се обезбедува со потписи на граѓаните.

За решенијата по поднесената иницијатива Советот на општината ги информира граѓаните .

Граѓанската иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

**б) Собир на граѓани**

Член 64

Собир на граѓани свикува Градоначалникот по своја иницијатива, на барање на Советот на општината или на барање од најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определено прашање.

Собирот на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месна самоуправа.

Градоначалникот е должен во рок од 30 дена да свика собир на граѓани на барање од најмалку 10% од избирачите во општината или месната самоуправа за која се однесува определеното прашање.

Барањето за свикување собир на граѓани со потписи на заинтересираните граѓани се поднесува до Градоначалникот.

Актот за свикување на собирот на граѓаните се објавува во локалните средства за информирање и се истакнува на јавни места на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето, односно истакнувањето на актот за свикување на собирот на граѓаните до денот на неговото одржување мора да изминат најмалку 5 дена.

Член 65

На собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓаните го води Градоначалникот или лице овластено од него.

За прашањата за кои се расправа на собирот на граѓани известува Градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници на општинската администрација.

Член 66

Заклучоците донесени на собирот на граѓани, органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат и да ги земаат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

**в) Референдум**

Член 67

Референдум може да распише Советот на општината по своја иницијатива за прашања од негова надлежност.

Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите на општината.

Барањето за распишување на референдум се доставува до Советот на

општината со потпис на заинтересираните избирачи.

Член 68

По барањето за распишување референдум Советот на општината во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето донесува одлука за распишување референдум.

Одлуката за распишување на референдум содржи предмет на референдумот и денот на негово одржување.

Член 69

Одлуката за распишување референдум се објавува во службено гласило на општината и средствата за јавно информирање.

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдумот до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена,ниту повеќе од 60 дена.

Член 70

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на референдумот.

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

Член 71

Комисијата за спроведување на референдумот:

- го определува времето на гласање;
- врши технички подготовки за спроведување на референдумот;
- ги определува гласачките места;
- ги утврдува резултатите од гласањето и
- се грижи за законито спроведување на референдумот.

Член 72

За спроведување на гласањето на референдумот, Комисијата за гласачките места формира одбори за спроведување на референдумот.

Одборите се грижат за правилноста и тајноста на референдумот.

Член 73

Денот на гласањето мора да се определи така што да им се овозможи учество на референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

Референдумот се спроведува од 7,00 до 19,00 часот.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласањето.

Член 74

Прашањето, односно актот што е предмет на референдумот мора да биде на соодветен начин истакнато на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил на гласање, по негово барање да му дадат објаснување за начинот на гласање.

Член 75

Гласањето на референдумот е тајно.

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

Член 76

На референдумот се гласа со гласачко ливче.

Содржината на галсачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со **“ЗА”** или **“ПРОТИВ” ПРЕДЛОГОТ.**

Член 77

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот “ЗА” или “ПРОТИВ”.

Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи, граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот “ЗА” или “ПРОТИВ” од алтернативата за која гласал.

Член 78

По завршување на гласањето Одборот го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место и за тоа составува записник.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Веднаш по составување на записникот, Одборот доставува извештај до Комисијата за спроведување на референдумот,во рок од 5 часа по завршување на гласањето.

Член 79

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови од избирачите кои гласале, до колку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

Член 80

Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на примениот гласачки материјал од сите гласачки места

го утврдува резултатот од референдумот во рок од 48 часа по истекот на рокот од член 74 став 3.

Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведениот референдум до Советот на општината.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

Член 81

Прашањето, односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на 6 (шест) месеци од денот на одржувањето на референдумот.

Член 82

Средствата за спроведување на референдум се обезбедуваат од буџетот на општината.

**г) Претставки и предлози**

Член 83

За работата на органите на општината и општинската администрација, граѓаните имаат право, поединечно или заеднички со другите да доставуваат претставки и предлози.

Член 84

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма, поединечно или групно, до Градоначалникот.

Член 85

Постапувањето по претставките и предлозите опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на претставката, како и преземање на потребни мерки за отстранување на повредата на правото на подносителот или повреда на јавните интереси.

Член 86

Градоначалникот на општината е должен најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот на подносителот да му достави образложен одговор.

Ако претставката или предлогот не се однесува на работата од надлежност на органите на општината, Градоначалникот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

**д) Јавни трибини, анкети и предлози**

Член 87

Органите на општината, по донесувањето на прописи од својата надлежност претходно можат да организираат јавна трибина, да спроведат анкети или да побараат предлози од граѓаните.

Јавна трибина се организира кога се донесуваат прописи за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби (водоснабдување, одржување на јавна чистота, одржување на локални патишта и улици) и други прашања од пошироко локално значење;

Анкета се спроведува за донесување на урбанистички планови и други прашања од локално значење;

Прибирање предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење, ќе се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикаат граѓаните да даваат свои предлози.

Постапката, начинот и времето на преземање на една од наведените активности од став 1 на овој член, ќе се уреди со Одлука донесена од органот кој ја организирал.

## VI. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКРЕР

**а) Информирање на граѓаните**

Член 88

Органите на општината, комисиите на Советот на општината и јавните претпријатија и установи основани од општината, ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните на општината се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежноста на општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка,а се од значење за развојот на општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училишта;

- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

Член 89

Информирањето на граѓаните на општината се врши редовно, без надоместок преку:

- издавање Службен гласник на општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината;
- огласни табли (во просториите на органите на општината, месната самоуправа, јавните претпријатија и установи);
- веб сајт:
- јавни трибини;
- средства за јавно информирање; и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

Член 90

Советот на општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен во општината, а го зборуваат дел од жителите на општината.

**б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Член 91

Во општината се обезбедува правото на слобоеден пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на општината (советот и градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од општината и правни и физички лица со доверени јавни овластувања од општината.

По исклучок, во случаи утврдни со Закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои рсполагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

Член 92

За информациите со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните на општината се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно, а најдоцна во рок од 3 месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со која располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на општината ја предлага градоначалникот, а ја донесува Советот на општината.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

Член 93

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остваруваење правото на слободен пристап до информциите од јавен карактер со кои располагаат Советот на општината и Општинската администрација.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основани од општината создава услови и превзема мерки пропишани со закон за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат, согласно Статутот на претпријатието и установата.

Член 94

Слободен пристап до информациите од јавен каректер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информацијата”).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

Член 95

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин утврден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувњето на барањето се известува за

плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

Член 96

Имателот на информацијата ако не ја достави бараната информација, барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Член 97

Советот на општината усвојува Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува грдоначалникот на општината и го доставува до Советот најдоцна до 31. јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира општината.

Извештајот од став 1, по усвојувањето се доставува до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## VII. СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 98

Сопственоста на општината ја сочинуваат неподвижни и подвижни работи, парични средства и права.

Сопственоста општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат на финансирање од грѓаните или со нивно учество на друг начин, од подароци и по други основи.

Член 99

За купување, оттуѓување и оптоварување на сопственоста на општината одлучува Советот на општината.

Оттуѓување на сопственоста на општината се врши само по пат на јавно наддавање, согласно закон.

Предложената цена на стварите не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Средствата добиени од продажбата на стварите може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојани ствари во сопственост на општината.

Член 100

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината проценка се искажува во годишната сметка.

Член 101

Стварите во сопственост на општината можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно наддавање, согласно со закон.

Член 102

Општината се финансира од сопствени извори на приходи, локални даноци, надоместоци и такси утврдени со закон, дотации од државата и други извори на приходи утврдени со закон.

Општината во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.

Член 103

Приходите и трошоците на општината се утврдуваат со Буџетот на општината.

Буџетот на општината содржи биланс на приходите и трошоците на Буџетот, и се однесува за фискална година од 12 (дванаесет) месеци која почнува од 1.јануари, завршува до 31.декември од секоја календарска година.

Член 104

Предлогот на Буџетот на општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на општината за донесување не подоцна од средината на месец ноември.

Советот на општината неможе да го разгледува предлогот на Буџетот на општината пред истекот на 20 (дваесет) дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на општината.

Член 105

За секоја промена на Буџетот на општината, за дополнително усвоени трошоци пропратено со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерност, одлука донесува Советот на општината.

Член 106

За покривање на непредвидените барања за трошоци кои ќе се појават во текот на Буџетската година, од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува Буџетска резерва во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од буџетската резерва одлучува Советот на општината по предлог на Градоначалникот.

Советот на општината со одлука може да го овласти Градоначалникот за начинот на користење на буџетската резерва.

Член 107

До колку Буџетот на општината за наредната година не биде донесен до 31.декември во тековната година, ќе се

постапи согласно законот на буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за 6(шест) месеци

Член 108

На крајот на секоја фискална година се изготвува годишна сметка на Буџетот на општината.

Годишната сметка на Буџетот, Советот на општината треба да ја усвои најдоцна до 31.март во тековната година, за предходната година.

Член 109

Извршувањето на Буџетот на општината го врши Градоначалникот, а поконкретно се уредува со одлуката за извршување на Буџетот на општината.

## VIII. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНТА

Член 110

Граѓаните во општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

Член 111

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат во градот урбани заедници и во другите населени места – месни заедници.

Член 112

Обликот на месна самоуправа се основа, во градот за урбана единица согласно урбанистичкиот план, а за останатите населени места на катастарската општина на населеното место.

Член 113

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на обликот на месна самоуправа.

Член 114

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијативата за основање се доставува до Советот на општината кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа.

Член 115

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собирот на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Член 116

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижи за:

- решавање на прашања од комунална инфраструктура за соодветното подрачје;
- изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, култури домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на општината за прашања од обласа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

Член 117

Работите од членот 102 на овој Статут се финансираат од:

- средства кои што општината им ги отстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги и
- подароци и други средства.

Член 118

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање.

Советот е составен од 5 (пет) до 11 (единаесет) члена.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Член 119

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот. Со оваа одлука се определува и бројот на членовите на Советот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Градоначалникот на општината во рок од 15 дена.

Ако градоначалникот на општината не донесе одлука од став 2 на овој член, одлука за распишување избори за членови на Советот се донесува на собир на граѓани.

Член 120

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на собир на граѓани.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

Член 121

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот поблиску се уредува со Правилата за работа на обликот на месна самоуправа.

Член 122

За избрани членови на Советот се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број на гласови од присутните избирачи.

Член 123

Советот од своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Советот донесува правила со кои се уредува работата на обликот на месната самоуправа како и програма за работа, по претходно мислење на Советот на општината.

Член 124

Градоначалникот со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата протребни за извршување на работите, од став 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од став 1 на овој член.

Член 125

Општинската администрација ги врши стручните, административн-техничките и сметководствено-финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

## IX. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

Член 126

Грбот и знамето на општината се утврдуваат со одлука на Советот на општината.

За утврдување на грбот и знамето на општината, Советот на општината распишува конкурс и формира комисија.

Член 127

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на општината и го доставува до Советот на општината на усвојување.

Член 128

Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлог на комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на општината е составен дел на Статутот на општинта.

Член 129

Грбот на општината се употребува во состав на печатот на општината.

Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот на општината и Градоначалникот.

Советот на општината може да одобри употреба на грбот на општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на општината.

Член 130

Знамето на општината се истакнува на зградата на општината. На празникот на општината, знамето на општината се истакнува и на други видни места во општината.

Знамето на општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана општината, односно обликот на месна самоуправа.

Член 131

Грбот и знамето на општината не смеат да се употреуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## X. ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА

Член 132

Иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на министерствата и други органи на државната управа со кои се

нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите, може да поднесат Советот на општината, односно Градоначалникот до Уставниот суд на Република Македонија.

Член 133

Градоначалникот има право да бара судска заштита пред надлежните судови кога на општината и се попречува вршење на дадените надлежности со Уствот и закон, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија.

## XI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

Член 134

Во воена состојба, органите на општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон; и
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со Закон и прописи засновани на закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено - стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во координација и соработка со другите општини.

## XII. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊА И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 135

Изменувања и дополнувања на Статутот на општината можат да предложат најмалку ½ од членовите на Советот на општината, Градончалникот или најмалку 10% од избирачите во општината.

Член 136

Одлука за пристапување кон изменувања на Статутот донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Член 137

Измените на Статутот на општината се донесени ако за нив гласале мнозинство од членовите на Советот на општината.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 138

Иммателот на информации е должен во рок од 6 месеци од денот на усвојување на Статутот да ја донесе и објави листата на информации со кои располагаат.

Член 139

Градоначалникот на општината е должен во рок од 4 месеци од денот на усвојување на Статутот, согласно актот за организација на општинската администрација, да распореди државен службеник од администрацијата кој ќе ги извршува работите на посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Член 140

Во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој Статут, општината ќе ги воведе во евиденција постојните облици на месна самоуправа, основани во согласност со Статутот на општината.

Член 141

Одредбите од глава на VI овој Статут ќе се применуваат од 1. септември 2006 година.

Член 142

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на општина Струмица ( “Сл.гласник на општина Струмица” 6/97 год).

| | |
|---|---|
| Бр. 07-2570/1 | Комисија за статут и |
| 27.04.2006г. | прописи при Советот |
| С т р у м и ц а | на општина Струмица |
| | Претседател, |
| | Георге Николов с.р. |